Република Северна Македонија
**Министерство за локална самоуправа**
18-322/2 10-02-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Суад Бајрами, новинар на ТВ Алсат, Булевар Крсте Петков Мисирков, 1000 Скопје, поднесено на 27.01.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Суад Бајрами, **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на Суад Бајрами е доставено Барање во електронска форма. Со барањето се побарани следните податоци:

„Табеларен приказ на податоци од проектите што ги добија општините во вториот повик на Владата, финансирани од Унгарскиот кредит. Ве молам податоците да бидат одделно за секоја општина, со името на проектот, вклучувајќи и финансиски износ".

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

Република Северна Македонија
**Министерство за локална самоуправа**

По поднесеното барање, Министерството за локална самоуправа, ги доставува следните информаци:

-По објавениот втор јавен повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА, во архивата на Министерството за локална самоуправа заклучно со 30.04.2025 година (вклучувајќи ги и апликативните формулари пристигнати по пошта со дата на испраќање 30.04.2025 година) пристигнаа вкупно 887 апликативни формулари од сите 80 општини.
Пристигнатите апликативни формулари се доставени во ресорните министерства, зависно од областа на која се однесуваат: Министерство за култура и туризам, Министерство за транспорт, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за образование и наука, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за спорт. Секое Министерство прави евалуација на пристигнатите проекти од соодветната област.
По спроведената евалуација, на предлог на ресорните министерства Владата донесе шест одлуки за финансирање на вкупно 828 проекти.

(Во Прилог ви ги доставуваме сите шест одлуки на Владата објавени во Службен весник бр.135 од 4 јули 2025 година, во кои во табели се излистани сите одобрени проекти, општините каде што се имплементираат, вкупната вредност на проектот и одобрените средства за финансирање на проектот за 2025 година)

Секое ресорно министерство потпишува договор со општината за финансирање на конкретниот проект, врз основа на кој што ја следи имплементацијата на проектот и ја врши исплатата на одобрените финансиски средства за таа намена, зависно од динамиката на реализација на проектот.

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението. Решено во Министерството за локална самоуправа на ден 06.08.2025 година

МИНИСТЕР
М-р Златко Перински

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска

Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk